Почитувани родители,

Ја обработувавме вештината „Почитување на личниот простор“. Ви испраќаме материјал за сортирање фотографии од правилно и неправилно почитување на личниот простор, материјал со компоненти за изведбата на оваа вештина и социјална приказна насловена „Личен простор“.

Ве охрабруваме да го организирате вежбањето на оваа вештина дома. Во тој контекст, прво прашајте го детето дали ги запаметило компонентите и потоа повторете ги. Креирајте ситуации во кои ќе ја примените оваа вештина. Нагласете ги чекорите при изведбата на вештината за време на вежбањето. На пример, дадете му задача да се приближи до некој од членовите на семејството и да му постави одредени прашања (подгответе ги прашањата претходно). Важно е детето да се наоѓа на соодветно растојание од лицето со кое разговара (означете го на подот со трака или користете ги рацете за да му го покажете соодветното растојание).

Социјалната приказна која е во прилог, читајте ја во ситуации кога детето е опуштено и расположено. За да го насочите детето кон приказната, може да му кажете дека специјално ја подготвивте за него. Прво читајте ја заедно, а потоа овозможете на детето да ја чита самостојно, додека вие го следите [изменете ако не е соодветно].

Многу е значајно да организирате игри или активности во домашната средина, преку кои вашето дете ќе може да ги примени научените содржини. Кога ќе го организирате вежбањето на почитување на личниот простор, би било добро да ја прочитате приказната непосредно ред тоа.

Ве молиме, во тетратката внесете ги податоците за текот на вежбањето дома (каде детето вежбаше, со кои лица, дали беше успешно, кои компоненти на вештината претставуваа предизвик за него).

Доколку имате било какви прашања, ви стојам на располагање.

Со почит,

[Вашето име]

Автор на материјалот: ITSS-LAII